**ЗАПИСНИК**
**од прво продолжение на 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржано на 16.10.2023 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** Маја Дамевска, Цветанка Митревска, м-р Емилја Јаневска, Ивона Муфишева, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски го отвори првото продолжение на 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 12:30 часот и се одржа во просториите на Агенцијата, конференциска сала на 2-ри кат.

Г-дин Петрушевски објасни дека на 9-ти октомври Советот ги разгледуваше и одлучуваше по првите 4 точки од усвоениот Дневен ред. Во таа насока најави дека на оваа седница ќе се продолжи со разгледување на Точките од 5 до 12.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

**(продолжение)**

5. Предлог за поведување прекршочна постапка против Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
6. Предлог за поведување прекршочна постапка против Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје за прекршување на член 54 став 5 од ЗААВМУ.
7. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ.
8. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
9. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми.
10. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ.

11. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Пренос на податоци од далечинските локации.
12. Разно.

**Точки 5 и 6**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 5 и 6 да се образложат со еден вовед и дискусија бидејќи станува збор за ист медиум кој прекршил член од ЗААВМУ и Законот за медиуми, и согласно тоа гласањето да биде за секоја точка поединечно.

Советот немаше против.

Раководителката на Секторот за програмски работи м-р Емилија Јаневска ги образложи предлозите за поведување прекршочна постапка против Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје за прекршување на член 14 од Законот за медиуми и за прекршување на член 54 став 5 од ЗААВМУ. Објасни дека овие прекршувања се констатирани со контролни надзори. Претходно на 12 јули оваа година за радиодифузерот беа изречени две мерки јавна опомена, едната за непочитување на член 14 од Законот за медиуми, а тоа се обврските за објавување импресум а другата за прекршување на член 54 став 5 од ЗААВМУ односно забраната за спонзорство на вести. На радиодифузерот му беа дадени по 20 дена за усогласување за секое од прекршувањето и по истекот на овој рок беа направени контролните надзори на 26 септември. Со надзорите беше констатирано дека радиодифузерот не постапил по изречената мерка јавна опомена. Во однос на членот 14 од ЗМ во анализираниот ден повторно не се објавени податоци за импресум во неколку програми емитувани на РА Метрополис и тоа во емисијата „Една минута позитивни факти – според информациите добиени од Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони и Советот на странски инвеститори“ како и во забавно-информативните целини: „Добро утро/Добар ден со Маја – Маја за под(в)арок и менопауза“ и „Светот во 4 со Вики и Стела“, што е спротивно на членот 14 од Законот за медиуми. Во однос на второто прекршување забраната за спонзорство, повторно беа спонзорирани две емисии на вести кои што се емитуваат повеќе пати во текот на денот. Првата е „Спорт на Метрополис“ спонзорирана од Цевитана и „Една минута позитивни факти“, спонзорирана од Дирекцијата за технолошко - индустриски развојни зони и Совет на странски инвеститори“ што е спротивно на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Од овие причини за радиодифузерот се предлага да се поведат две прекршочни постапки пред надлежен суд.

Г-дин Петрушевски рече дека малку е изненаден од постапките на радиодифузерот посебно за првото прекршување, за импресум, како си дозволил да го направи. Бидејќи се две различни прекршувања, а финансиската состојба кај медиумите е тешка, рече дека ова навистина финансиски ќе го погоди, но Советот мора да постапува и да го почитува Законот. Се изјасни дека ќе ги поддржи и двата предлози.

*__Гласање по Точка 5__*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, бр.10-3629/1 од 03.10.2023 година и едногласно заклучи да поведе прекршочна постапка против Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС

РАДИО ДОО Скопје, затоа што на програмскиот сервис од 26 септември 2023 година, емитуван на државно ниво, РТД Метрополис радио ДОО Скопје ниту на најавна ниту на одјавна шпица не ги објави податоците за импресум во целините од радиовести насловени „Една минута позитивни факти – според информациите добиени од Дирекцијата за технолошко-индустриски развојни зони и Советот на странски инвеститори“ како и во забавно-информативните целини: „Добро утро/Добар ден со Маја – Маја за под(в)арок и менопауза“ и „Светот во 4 со Вики и Стела“, што е спротивно на членот 14 од Законот за медиуми.

Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.

*Гласање по Точка 6*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор, бр.10-3628/1 од 03.10.2023 година и едногласно заклучи да поведе прекршочна постапка против Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје, затоа што на програмскиот сервис од 26 септември 2023 година, емитуван на државно ниво, беа спонзорирани вестите, односно изданијата на кусите дневноинформативни емисии насловени: „Спорт на Метрополи“ и „Една минута позитивни факти“, што е спротивно на членот 54 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Во согласност со членот 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и со точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Советот на Агенцијата донесе предлог за поведување прекршочна постапка.

Секторот за правни работи да го изготви Барањето за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд за Радиодифузното трговско друштво МЕТРОПОЛИС РАДИО ДОО Скопје.

**Точка 7**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово, за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршувањето е констатирано со редовниот надзор реализиран во август оваа година а прекршувањето се однесува на обврската радиодифузерот да обезбеди информации што треба да им ги направи достапни на корисниците на лесен, директен и постојан пристап. Денот кога е направен надзорот не беа објавени овие податоци. Оттаму за радиодифузерот се предлага изрекување мерка

јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена а потоа да се направи контролен надзор за да се утврди дали ќе постапи по опомената.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-3355/1 од 01.09.2023 година и едногласно заклучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА ПЛУС ДОО Куманово да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 51 став 1 од ЗААВМУ затоа што на 10 август 2023 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 8**

Раководителката Јаневска го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми. Објасни дека прекршокот е констатиран со редовниот надзор направен во август оваа година. Во анализираниот ден радиодифузерот во повеќе изданија на „ТВ Дневник“ и на „Куси видеовести“ нема објавено импресум. Затоа се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена од денот на приемот на решението а потоа да се направи контролен надзор за да се утврди дали ќе постапи по опомената.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-3356/1 од 01.09.2023 година и едногласно заклучи на ТРД ТВ ЗДРАВКИН Ангелче Здравкин, ДООЕЛ Велес да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа на 8 август 2023 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точки 9 и 10**

Г-дин Петрушевски предложи Точките 9 и 10 да се образложат со еден вовед и дискусија бидејќи станува збор за ист медиум кој прекршил членови од ЗААВМУ и Законот за медиуми, и согласно тоа гласањето да биде за секоја точка поединечно.

Советот немаше против.

Раководителката Јаневска ги образложи Предлозите за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар, за прекршување на член 14 од Законот за медиуми и за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ. Објасни дека прекршоците се констатирани со редовен програмски и административен надзор направен во август оваа година. Во однос на прекршувањето на член 14 од ЗМ радиодифузерот објасни дека ги има пропуштено податоците за импресум во неколку содржини емитувани во анализираниот ден, а второто прекршување е на обврската за емитување на најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, и половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела да го емитува во периодот од 7,00 до 19,00 часот. Наведе дека во анализираниот ден медиумот воопшто не емитувал македонски аудиовизуелни дела. Оттаму за двете прекршувања се предлага изрекување мерка јавна опомена со рок на усогласување од 20 дена од денот на приемот на решението а потоа да се направи контролен надзор за да се утврди дали ќе постапи по опомената.

*Гласање по Точка 9*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен административен надзор, бр.10-3351/1 од 01.09.2023 година и едногласно заклучи на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 од Законот за медиуми затоа што на 10 август 2023 година, во дел од емитуваните програми не ги објави податоците за импресумот што е должен да ги емитува на соодветно место за секоја посебна содржина од програмскиот сервис.

Во согласност со точката 7 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на

надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

*<u>Гласање по Точка 10</u>*

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.10-3332/1 од 01.09.2023 година и едногласно заклучи на ТРД Г-ТВ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Гостивар да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од ЗААВМУ затоа што на 9 август 2023 година, не емитуваше најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудиовизуелни дела, ниту пак најмалку половина од законскиот минимум изворно создадена програма како македонски аудиовизуелни дела, го емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

Во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година, му се наложи во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Секторот за правни работи и јавни набавки да изготви Решение за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 11**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка - услуга: Пренос на податоци од далечинските локации. Објасни дека станува збор за набавка која што е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за 2023-та година. Но бидејќи договорот ќе се склучи за период од две години истата ќе мора да биде предвидена и во Годишниот план за јавни набавки за 2024 година и во Финансискиот план на Агенцијата за 2024-та година. Според проценетата вредност ќе биде спроведена како поедноставена отворена постапка со почитување на сите одредби од Законот за јавни набавки што значи дека ќе се објави оглас на електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на РСМ. Сите потребни податоци и информации за оваа набавка ги има во доставените материјали.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Пренос на податоци од далечинските локации.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-услуга: Пренос на податоци од далечинските локации е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2023 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4766/1 од 23.12.2022 годна, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2023-та година.

**Точка 12**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Бр. 02-3637/13**

**26.10 2023 година**

**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**